Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр.________________

________________ год.

СКОПЈЕ

СУДСКИОТ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, врз основа на член 67 став 2 и став 3 од Законот за судовите (Службен весник на РМ бр.58/2006, 35/2008, 150/2010 и 83/18 и Службен весник на РСМ бр.96/19), на нејавната седница одржана на ден 21.05.2024 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

**ВРЕМЕНО СЕ ОДДАЛЕЧУВА** од вршење на судиската функција Н.Г., судија на В.С.Р.С.М., до правосилно завршување на кривичната постапка.

## О б р а з л о ж е н и е

До Судскиот совет на Република Северна Македонија, на ден 20.05.2024 година доставено е барање од судија на претходна постапка на О.К.С.Скопје, за одземање на судскиот имунитет и за одобрување на мерка притвор на осомничениот Н.Г., судија на В.С.Р.С.М. заведено во Советот под бр.10-78/1 од 20.05.2024 година. Во барањето е наведено дека од страна на О.Ј.О. ГОКК Скопје, на 20.05.2024 година до судија на претходна постапка на О.К.С.Скопје, Одделение за О.К.К., поднесен е предлог од 20.05.2024 година за определување на мерка притвор против осомничениот Н.Г., судија на В.С.Р.С.М., согласно член 165 став 1 точка 1, 2 и 3 од ЗКП, поради постоење на основано сомнение дека сторил кривично дело – Примање на награда за противзаконито влијание од член 359 став 7 в.в со став 3 в.в. со став 1 од КЗ.

Согласно член 67 став 2 од Законот за судовите, судијата може да биде оддалечен од вршење на судиската функција, кога е поведена постапка за утврдување на одговорност согласно закон и кога постојат оправдани причини за оддалечување од вршење на функцијата утврдени во закон.

Согласно член 67 став 3 од Законот за судовите, одлука за оддалечување на судијата од судиската функција во случајот од ставовите 1 и 2 на овој член донесува Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Во конкретниот случај, Судскиот совет оцени дека се исполнети условите од член 67 став 3 од Законот за судовите, односно дека постојат оправдани причини за оддалечување од вршење на судиската функција утврдени во закон, поради што следуваше Судскиот совет на Република Северна Македонија на нејавната седница одржана на ден 21.05.2024 година, да донесе решение за времено оддалечување од вршење на судиската функција на Н.Г., судија на В.С.Р.С.М., до правосилно завршување на кривичната постапка. Ова од причина што Советот смета дека вршењето на судиската функција е од посебен општествен интерес и не смее да се доведе под сомнение вршењето на истата, особено околностите под кои е сторено кривичното дело кое му се става на товар - Примање на награда за противзаконито влијание од член 359 став 7 в.в со став 3 в.в. со став 1 од КЗ и запретената казна затвор.

Имајќи го предвид наведеното, Советот одлучи како во изреката на ова решение.